
НОВИОТ
308SW
HX-808-HV



PEUGEOT веќе 210 години ја почитува високо квалитетната и иновативна француска производна традиција. Сега повеќе од кога и да è, PEUGEOT ја вложува целата своја енергија во дизајнирање на возила со впечатлив изглед кои даваат сензитивно искуство при возењето со активирање на сите сетила. Ние внимателно работевме на секој детаљ од ергономијата, употребата на високо квалитетни материјали до површаноста, за да Ви обезбедиме поинтуитивно возење. Повеќе од сè сакаме да Ви понудиме слобода на избор затоа што купувачите биле и секогаш ќе бидат нашиот главен фокус.


03 ДИЗАЈН
09 ВНАТРЕШНОСТ
14 ТЕХНОЛОГИЈА
15 МОТОРИ
20 ПЕРСОНАЛИЗАЦИЈА

# ИНТЕНЗИВЕН И
# УНИКАТЕН SW



## ЦЕЛОСНО СВОЈ

Со новото лого на PEUGEOT во центарот на новата вертикална решетка, новиот PEUGEOT 308 SW претставува моќен став, нагласен со продолжениот капак на мотор и вдлабнатото ветробранско стакло. Смелите пропорции, експресивиот и остар стил, сензуалниот дизајн откриваат наметлив и уникатен карактер, подготвен да ги предизвика стереотипите без да се жртвуваат практичноста и модуларноста. Навестувајќи компактна и дарежлива конструкција, неговата елегантна силуета црта атлетски и мачкасти линии, елегантно истакнати со хромирани елементи, префинет светлосен потпис и ново лого.






## НОВОТО ЛОГО НА PEUGEOT

Новото лого во црна и сребрена боја украсено со главата на лавот на брендот е поставено на решетката, предните крилја[1] и задниот дел, нагласувајќи го современиот изглед на харизматичната силуета. Ја истакнува желбата за квалитет и безвременост, а истовремено сведочи за 210 годишната историја и иновативност на брендот кој настојува да ги задоволува клиентите кои бараат се поквалитетен престој во возилото.

(1) Достапно како стандард кај GT и GT Pack нивоата на опременост





## ЕЛЕГАНТНИ ПРЕДНИ СВЕТЛА

Новиот PEUGEOT 308 SW го носи префенетиот светлосен потпис на брендот, редизајниран со Full LED предни светла(1) со PEUGEOT Matrix LED(2) технологија за поедноставно возење ноќе. Поврзаните дневни светла(3) во форма на заби го нагласуваат мачкастиот изглед на новиот PEUGEOT 308 SW.

(1) Full LED предните светла со Matrix LED технологија се достапни како стандард кај GT и GT Pack нивоата на опременост, а останатите нивоа се опремени со ECO LED предни светла
(2) Автоматско прилагодување на насоката на предните светла овозможувајќи да возите со вклучени долги светла
(3) Дневни светла кои се вклучуваат автоматски штом се стартува возилото






## ЗАДЕН ДЕЛ

На задниот дел, 3D Full LED светлата во форма на три лавововски каџи[1] го истакнуваат технолошкиот и современ карактер кај новиот PEUGEOT 308 SW. Совршено интегрираните светла го истакнуваат моќниот заден дел, чија аеродинамика е оптимизирана благодарение на спуштените кровни линии и патничката кабина во линија на лаковите на тркалата. Широк избор на наплатки опремени со пневматици од класа А и А+[2], избрани заради нивната ефикасност и перформанси додатно го нагласуваат спортскиот темперамент на новиот PEUGEOT 308 SW.

(1) Стандардно кај GT и GT Pack нивоата на опременост
(2) Пневматиците од класа А и А+ ја подобруваат ефикасноста при возење и ја намалуваат потрошувачката на гориво. Во зависност од државата.



# ПРОФИЛ И ВОЛУМЕН

Со атлетскиот и уникатен профил новиот компактен PEUGEOT 308 SW покажува аеродинамични линии и спортски заден дел кој укажува дека во него се крие доста простран багажник(1). Функцијата за hands-free отварање на вратата од багажникот(2) Ви овозможува да ја отворите и затворите моторизираната вратата со едно движење на стапалото под браникот. Елегантните кровни носачи(3) во сјајно црна боја суптилно ги нагласуваат долгите и впечатливи линии на каросеријата.

(1) Волумен во багажникот: 608 l со кренати задни седишта или 1634 l со преклопени седишта. Функцијата Magic Flat овозможува да се спуштат задните седишта преку механизам во багажникот за да добиете рамен под.
(2) Стандард, опција или недостапно во зависност од верзијата
(3) Достапно како стандард кај GT и GT Pack нивоата на опременост



# TECHNO-SPIRIT*

*ТЕХНОЛОШКИ ДУХ





# БОГАТА ТЕХНОЛОШКА ОПРЕМА ЗА ИНТУИТИВНО И ВОЗБУДЛИВО ИСКУСТВО ПРИ ВОЗЕЊЕ

Преземете ги контролите врз новиот ергономски, интуитивен и ултра-поврзан PEUGEOT i-Cockpit®. Станува збор за една од најважните карактеристи за брендот во однос на безбедноста и квалитетот во внатрешноста, тој е целосно редизајниран за да им понуди на возачот и на сите патници подобрена ергономија, дизајн и технологија. Опремен со нов компактен мултифункционален, ултра-маневрирачки управувач со функција за загревање(1), дигитален head-up дисплеј и централен екран на допир опремен со новиот иновативен инфозабавен систем PEUGEOT i-Connect®, за им овозможи на сите уникатно патувачко искуство во зависност на нивните интереси и желби.

(1) Функцијата за загревање: Достапно како стандард, опција или недостапно во зависност од веријата




## HEAD-UP ИНСТРУМЕНТ ТАБЛА

Благодарение на 10” head-up дигитален дисплеј корисните информации за возењето се прикажуваа во висина на очите без го тргате погледот од патот. Новиот компактен управувач е опремен со контроли[1] кои служат за прилагодување на содржината и начинот на прикажување на дисплејот и централниот екран. Кај GT и GT Pack нивото на опременост важните информации се прикажани на 3D дигитален дисплеј во центарот како холограм за полесно нивно читање.

(1) Управувачот е опремен со контроли и палки кои го олеснуваат пристапот до поставките за дисплејот, централниот екран и главните функции на возилото (навигација, радио, телефон, системите за помош при возење)

## ПОВРЗАНОСТ

Новиот 10” екран на допир со висока резолуција како права иновација во комуникациските врски во возилото е опремен со нова инфо-забавна технологија PEUGEOT i-Connect која овозможува вистинско персонализирано искуство благодарение на: ергономски кориснички интерфејс како паметен телефон[1], multi-window дисплеј[2], управување со профили[3], бежична функција MirrorScreen[4], два паметни телефона можат истовремено да бидат поврзани преку Bluetooth[5], новите дирки PEUGEOT i-toggles® со можност за програмирање на честите дејствија[6].

(1) Можност да се движите по страницата со Вашите прсти, додатоци, widgets.
(2) На утра-поврзаниот 10” централен екран истовремно можат да се прикажат 3 прозора (навигација, инфо-забава, податоци за возилото, информации за патувањто)
(3) Секој може да го одбере својот профил и зачува својте омилени поставки за приказ, амбиентално осветлување и други поставки (најмогу до 8 профили)
(4) Функцијата MirrorScreen овозможува дуплирање на апликациите од паметниот телефон на централниот екран. Достапно како стандард од Allure нивото на опременост
(5) До 2 паметни телефони поврзани истовремено преку Bluetooth (повици, мултимедија)
(6) Секој i-toggles® е кратенка за да пристапите до омилените активности на централниот екран (изберете дестинација, клима-уред, омилениот телефонски контакт, радио станица, омилените апликации). Достапно како стандард од ALLURE нивото на опременост.










## СЕДЕТЕ УДОБНО

Новиот PEUGEOT 308 SW е редизајниран за да понуди на сите патници најдобар компромис помеѓу практичноста и внатрешниот простор, истовремено нагласувајќи го неговиот уникатен стил. Додека удобно сте сместени на седиштата со функција за загревање[1] и масажа[2] на предните седишта со ознака AGR[3] можете да уживате во квалитетната завршна обработка и естески одбраните материјали за внатрешноста за декорирање и облогите[4] како што се патинасто сината ткаенина, технолошки напредното порабување, Alcantra®, врежаната кожа или Nappa кожата во боја.

(1) Стандард или опција во зависност од верзијата
2) Седиштата со функција за масажа се опремени со 8 пнеуматски перничиња, нудејќи 5 програми за масажа. Стандард, опција или не е достапно во зависност од верзијата
(3) Седишта AGR (Aktion Gesunder Rücken: Германско здружение за здрав грб): Стандард, опција или недостапен во зависност од верзијата
(4) Стандард, опција или не достапно во зависност од верзијата. Кожа и други материјали: детални информации за кожа може да пројнадете во техничките карактеристики кај својот дилер на Peugeot или на интернет страницата за својата држава)

## Hi-Fi FOCAL

Уживајте во квалитетниот звук на системот Focal Hi-Fi[1], опремен со 10 звучника, нов 12-канален засилувач и системот за дигитална обработка на звукот ARKAMYS за уживање додека слушате чист и софистициран звук.

(1) Францускиот бренд Focal е водечки светски произведувач на Hi-Fi системите. Достапно како стандард, опција или недостапно во зависност од верзијата

## ПАНОРАМСКИ СТАКЛЕН ПОКРИВ

За секое патување биде вистинско уживање, новиот PEUGEOT 308 SW е опремен со панорамски стаклен покрив[1] за максимално да ги искористите светлината и околината низ која возите.

(1) Достапно како опција кај GT и GT Pack нивоата на опременост

# НОВА ЦЕНТРАЛНА КОНЗОЛА

Новата централна конзола со елегантен и ергономски дизајн го вклучува EAT8[1] автоматски менувач како и новиот ефикасен и компактен клима-уред. Сите динамични функции во возилото се поставени на страна на возачот на дофат. Без видлива рачка од менувачот[2], новата конзола овозможува повеќе простор за складирање[3] како и простор за безжично полнење[4] на Вашиот паметен телефон.

(1) Во зависност од моторот. Новиот PEUGEOT 308 SW може да биде опремен и со 6-степен мануелен менувач BVM6
(2) Со мотори кои се опремени со EAT8 автоматски менувач
(3) Два држачи за чаши и до 14 l простор за складирање
(4) Индукциско полнење на уреди компатибилни со Qi стандардот. Достапно како стандард, опција или не достапно во зависност од верзијата






# ПОВЕЌЕ ОД ДОБРО ЧУВСТВО

Дишете, осетите, искусите...
Обезбеди квалитетен и чист воздух во патничката кабина со системот Clean Cabin[1]. Во зависност од Вашите желби и моменталното расположение изберете го амбиенталното осветлување од 8-те опции за осветлување[2].

(1) Систем за прочистување на воздухот во патничката кабина. Достапно како стандард кај GT и GT Pack нивоата на опременост
(2) Достапно како стандард од Allure нивото на опременост




## ЗАДОВОЛСТВО ПРИ ВОЗЕЊЕ КАКО НИКОГАШ ДО СЕГА

Уживајте во стабилното држење на патот, лесното управување и задоволството при возење со новиот компактен караван PEUGEOT 308 SW. Препуштете се на полу-автономното возење благодарение на комбинацијата на адаптивен темпомат(1) со функцијата Stop and Go(2) и системот за активно задржување на лента(1). За уште поголема безбедност и повисоко ниво на удобност, достапни се бројни системи од најнова генерација на Peugeot кои ќе Ви помогнат при возење и маневрирање кои се опремени со нови функции, како што се:

- Нова HD 180° за возење наназад(1)
- Систем за помош при паркирање од 360° со четири камери(1)
- Следење на слепи точки со долг дострел(1)

(1) Стандард, опција или недостапно во зависност од верзијата
(2) Со EAT8 автоматски менувач

# PERFECT FIT*

*СОВРШЕНО ПРИЛАГОДЛИВ






## PLUG-IN ХИБРИДНИ МОТОРИ

Со новиот PEUGEOT 308 SW HYBRID можете да возите каде што сакате, дури и во области со ограничен сообраќај. Искусете го уникатното задоволство од возењето во електричен режим, обезбедувајќи моментално забрзување, работење без бука и ниски вибрации.

Достапни се два plug-in хибридни мотори :

Моторот HIBRID 225 e-EAT8 комбинира:
• Мотор PureTech со 180 КС (132 kW)(1)
• 81 kW електричен мотор
• e-EAT8 8-степен електрифициран автоматски менувач.

Моторот HIBRID 180 e-EAT8 комбинира:
• Мотор PureTech со 150 КС (110 kW)(2)
• 81 kW електричен мотор
• e-EAT8 8-степен електрифициран автоматски менувач.

Електричната батерија со моќност од 12,4 kWh обезбедува опсег до 60 km во 100% електричен режим според процедурата за тестирање WLTP(3).

(1) Емисија на CO2 (комбинирано): од 26 g $CO_2$ на km.
(2) Емисија на CO2 (комбинирано): од 25 g $CO_2$ на km.
(3) WLTP (Светска хармонизирана процедура за тестирање на лесни возила). Оваа процедура им овозможува на корисниците попрецизен и пореален приказ на вредностите на опсегот според вистинската употреба на возилото. Опег во електричен режим до 60 km, во зависност од опремата што е поставена на возилото. Опсегот може да варира во зависност од вистинските услови на користење (временски услови, стил на возење...).







## АВТОНОМИЈА И ПОЛНЕЊЕ

Со литиум-јонската батерија кај новиот PEUGEOT 308 SW HYBRID, ќе можете да возите до 60 km во електричен режим. Опсегот беше пресметан со помош на процедурата за тестирање WLTP[1]. Проценето време за целосно полнење на Вашиот PEUGEOT 308 SW HYBRID:

- 1 час 55 минути на ѕиден полнач (32 A) 7,4 kW[2]
- 3 часа 50 минути на засилен приклучок (16 A)[3]
- 7 часа 5 минути на стандарден приклучок (8 A)[3]

(1) WLTP (Светска хармонизирана тест процедура за лесни комерцијални возила. Процедурата за тестирање WLTP им овозможува на корисниците попрецизни вредности на опсегот и која многу пореално ја претставува вистинската употреба на возилото.
(2) Со опционален еднофазен (7,4 kW) вграден полнач
(3) Со опционален еднофазен вграден полнач (3.7 kW)

## УСЛУГИ ЗА ПОЕДНОСТАВУВАЊЕ НА ВАШАТА ЕНЕРГЕТСКАТА ТРАНЗИЦИЈА

Многу услуги се специјално дизајнирани за да ги олеснат Вашите патувања и управувањето со Вашиот нов PEUGEOT 308 SW HYBRID:

- PEUGEOT Easy-Charge Ви овозможува едноставен пристап до бројните решенија за полнење дома или на рабта.
- PEUGEOT Easy-Care Ви овозможува да ги користите договорите за услуги и помош. Можете да добиете и сертификат за капацитетот на батеријата кој е корисен при препродажба на возилото.
- Патувајте спокојно со бесплатната апликација MyPeugeot, која Ви овозможува да го контролирате полнењето или температурата од далечина кај Вашиот нов PEUGEOT 308 SW.

## РЕГЕНЕРАТИВНО КОЧЕЊЕ

Системот за регенеративно кочење кај новиот PEUGEOT 308 SW HYBRID овозможува да ја вратите енергијата за време на сопирањето и забавувањето при ослободување на педалата за гас(1). Во текот на оваа акција високонапонската батерија делумно се полни и се зголемува опсегот во електричен режим. Функцијата „Кочење“ може да се активира од контролата која е лоцирана на страна на возачот на централната конзола со цел да се овозможи на возилото да забави без да се притисне педалата за сопирање. Работи како моторно сопирање и истовремено овозможува полнење на батеријата.

(1) Ова забавување ја полни батеријата на Вашиот PEUGEOT 308 SW HYBRID. Не е достапно за бензин/дизел мотори

## ОПТИМИЗИРАЈТЕ ГО ВАШИОТ ОПСЕГ

За да се продолжи траењето на батеријата кај новиот PEUGEOT 308 SW HYBRID и да се прилагоди возењето, изберете еден од трите режими на возење кој одговара на Вашата рута и желба:

- Electric: Ви овозможува да возите во 100% електричен режим[1] со максимална брзина од 135 km/h.
- Hybrid: Ви овозможува да ја оптимизирате употребата на енергија со наизменично работење на електричниот мотор и бензин/дизел моторот.
- Sport: ја искористува целата моќ од бензин/дизел моторот и електричниот мотор за максимални динамични перформанси.

(1) Електричниот режим се активира стандарно штом се стартува возилото









# МОТОРИ СО ВНАТРЕШНО СОГОРУВАЊЕ

Новиот PEUGEOT 308 SW може да биде опремен со најновата генерација на мотори со внатрешно согорување Euro 6 на брендот, вклучувајќи PureTech бензинец или BlueHDi дизел, во комбинација со 6-степен мануелен менувач BVM6 или EAT8[1] 8-степен автоматски менувач. Овие мотори се опремени со технологијата Stop&Start, комбинираат перформанси, контролирана потрошувачка на гориво и уживање во возењето.

(1) EAT8 – Ефикасен автоматски менувач 8 – 8-степен автоматски менувач

# ПЕРСОНАЛИЗАЦИЈА





## ЕЛЕГАНТНИ МАТЕРИЈАЛИ

Новиот PEUGEOT 308 SW нуди палета од 5 различни материјали(1) за да Ви обезбеди поквалитетен простор во внатрешноста.

(1) Достапно како стандард, опција или недостапен во зависност од верзијата. Кожа и други материјали: за детали за кожата, погледнете ги техничките карактеристики достапни кај дилерите или на веб-страната  www.peugeot.mk.



1



2



3



4



5

1. Тапацир изработен од три вида ткаен материјал Renze
2. Тапацир од Mi-TEP Mistral/ткаенина Falgo
3. Тапацир од  Mi-TEP Mistral/Alcantara Fraxx Knit
4. Кожен тапацир Nappa Mistral
5. Кожен тапацир Nappa сина Naboo



Сина Avatar[1]



Црвена Elixir[2]



Бела Perla[2]



Бела Banquise[3]



Сива Platinium[2]



Сива Artense[2]



Црна Perla Nera[2]

## ИЗБЕРЕТЕ ЈА ВАШАТА БОЈА

Изберете од нашата палета од седум премиум бои.

(1) Достапно како стандард.
(2) Достапно како опција.
(3) Достапно како опција или недостапно кај GT и GT Pack нивоата на опременост
.

## ЗАЈАКНЕТЕ ГО ВАШИОТ СТИЛ

За да го зајакнете Вашиот стил, Вашиот нов PEUGEOT 308 SW може да биде опремен со алуминиумски наплатки, достапни во 16, 17 или 18 инчи[1].

(1) Достапно стандардно или недостапно во зависност од верзијата.



16" раткапни BERGEN[1]



16" алуминиумски наплатки AUCKLAND[1]



17" алуминиумски наплатки CALGARY[1]



17" алуминиумски наплатки HALONG[1]



18" алуминиумски наплатки KAMAKURA[1]



18" алуминиумски наплатки PORTLAND[1]



## ДОДАТОЦИ

Практичните и генијални додатоци, дизајнирани за новиот PEUGEOT 308 SW, Ви овозможуваат да го зголемите Вашето спокојство и удобност во внатрешноста.

1. Патосница за багажниот простор.
2. Гумирана подлога за багажниот простор.
3. Сет на странични штитници за сонце.
4. Попречни носачи за покрив, фиксирани на надолжните носачи.



1



2



3



4

## LIFESTYLE ПРОИЗВОДИ

Погледнете ја колекцијата на производи Lifestyle, инспирирани од светот на новиот PEUGEOT 308 SW.
Пронајдете го целиот асортиман PEUGEOT Lifestyle на веб-страната: https://boutique.peugeot.com.

(1) Достапен кај верзии опремени со автоматски менувач.






1




6



2



3



7



4



5

1. Термос
2. Водоотпорен часовник со 2 ремчиња што се менуваат
3. Куфер за рачен багаж C-Lite Samsonite
4. Помпеста јакна
5. Парка (Јакна)
6. 3D додаток за складирање (Држач за телефон и картици)[1]
7. 3D додаток за складирање (Држач за чаши)[1]




# МРЕЖА И УСЛУГИ.

Кога ќе се одлучите за Peugeot, на располагање ќе имате огромна дилерска мрежа во склоп на која: приемот, професионализмот, перформансите на опременоста и квалитетот на услугите Ви гарантираат оптимално задоволство.

Така Вие сте сигурни дека сте се обратиле кај специјалисти кои Ве слушаат, ги разбираат Вашите барања и одговараат соодветно и ефикасно. Има ли подобар и подоверлив бренд со кој би се врзале долгорочно?

**ЗА ВАША БЕЗГРИЖНОСТ [1]**

**PEUGEOT ГАРАНЦИЈА**

Квалитетот кај Peugeot, е исто така состојба на духот: предностите во склоп на мрежата, можност за 5 годишна гаранција до изминати 100.000 километри гаранција и 12 години гаранција од корозија.

**PEUGEOT ПАКЕТИ**

Проверки и одржување, две единствени и персонализирани формули за слободно возење. Од помош на патот, до поправка во случај на дефект, заменување на изабени делови, Вие самите изберете го нивото на интервенција на Вашето возило и искористете ја гаранцијата за Peugeot квалитет

**PEUGEOT ОРИГИНАЛНИ РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ**

Гаранција за квалитет, безбедност и доверливост, секој од нашите Peugeot оригинални резервни делови е тестиран и строго проверен за Ваша безбедност. Тие се под гаранција и со работна рака во мрежата на Peugeot во траење од една година.

**ФЛОТНА ПРОДАЖБА**

При флотна набавка на возила за нашите бизнис клиенти нудиме широка палета на комерцијални возила по специјални цени и услови на купување, одржување и сервисирање на возилата. Воедно, нудиме различни опции за преработка или надградба на комерцијални возила согласно Вашите барања (возила за брза помош, амбулантни возила, полициски возила, блиндирани возила итн). Отворени сме за соработка со сите компании кои имаат интерес за набавка на едно или повеќе Peugeot возила, одеднаш или во одреден временски период. Целата комерцијална гама е достапна и во електрична верзија.

**ЗА ВАШЕ ЗАДОВОЛСТВО PEUGEOT НА ИНТЕРНЕТ**

Откријте го Peugeot на интернет, посетете ја официјалната веб страница: http://www.peugeot.com

Македонската интернет страница е:

http://www.peugeot.mk

Следете не и на Facebook и Instagram:

FB/PeugeotMacedonia

IG/Peugeot_Macedonia

Во контекст на политиката на постојано подобрување на производот, Peugeot може во секој момент да ги модифицира техничките карактеристики, опремата, опциите и боите.

Актуелните техники на фотографска репродукција не дозволуваат, верно репродуцирање на сјајот на боите. Така, оваа брошура која се состои од информации од општ карактер, не претставува обврзувачки документ. За сите појаснувања или дополнителни информации, Ве молиме да се обратите кај Вашиот дилер. Делови од каталогот не смеат да бидат репродуцирани без наменска дозвола од Automobiles Peugeot.

PEUGEOT

Следете не на:
FB / PeugeotMacedonia
Instagram / Peugeot_Macedonia
Linked In / Peugeot-Macedonia

PEUGEOT ВИ ГО ПРЕПОРАЧУВА TOTAL

www.peugeot.mk